ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-3544/15
01.08 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 10 и член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21,99/22 и 208/24), Градоначалникот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник за работно место Самостоен референт - технички секретар на Градоначалникот

1.За извршител за работно Самостоен референт технички секретар на Градоначалникот во Одделение за координација на активностите на градоначалникот во Сектор за поддршка на Градоначалникот во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје се избира кадидатот **Бети Учков.**

2.Именуваната ќе биде биде вработена на работно место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3.Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас Бр.630/2025 , формирана со Решение на директорот на Агенцијата за админстрација со архивски број 10-1452/5 од 04.07.2025 година, во функција за спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа Одлука, а по огласот за вработување на административни службеници објавен ден 27.06.2025 година во дневните весници "Вечер", „Слободен печат" и „Коха, по спроведената административна селекција на 17.07.2025 година во 09.00 часот во просториите на Агенцијата за администрација и спроведениот испит за административен службеник на ден 28.07.2025 година, на ден 31.07.2025 година спроведе постапка за веродостојноста на доказите и интервју за наведеното работно место.
По спроведената постапка за веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Конечна ранг - листа и Предлог за избор на кандидат за вработување на работно место Самостоен референт технички секретар на Градоначалникот во Одделение за координација на активностите на Градоначалникот во Сектор за поддршка на Градоначалникот.
Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, Градоначалникот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот.
**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје
м-р Горан Герасимовски

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ

Доставено до:
- Избраниот кандидат;
- Сектор за човечки ресурси;
- Агенција за администрација и Архива